ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 19 ДАТА 21.08.2020 ГОДИНА 38

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 19 ДАТА 21.08.2020 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ТОЛКУВАЊЕ ОД ОДБОРОТ ЗА ИТНОСТ НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД ОДБОРОТ ЗА ИТНОСТ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 20.08.2020 година**

**за ОФС Тетово**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ДРИТА АД„ Боговоње: Рецепи Бесарт од ФК „Шкендија АД„ Тетово, по чл. 35/8. Лумба Б. Лек од ФК „Шкендија АД„ од Тетово, Амети М. Члирим од ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште, Балдовалиев Зоран од ГФК „Тиквеш 1930„ Кавадарци, Лика Џ. Мусли од ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје и Лума Б. Илбер од ФК „Беса1976„ од с. Добри Дол, по член 35/3.

**+ Склучување на договор за отстапување:**

Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово, Фудбалскиот клуб „Дрита АД„ од Боговиње и фудбалерот Рецепи Б. Бесарт, склучија договор за отстапување со привремена регистрација во времетраење од 6 (шест) месеци, до Зимски преоден рок 2021 година.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудабалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Хајредини А. Агон и Зибери Е. Аган од Фудбалскиот клуб „Дрита Ад„ од Боговиње, поради преминување со регистрација на територија на друг Општитнски фудбалски сојуз.

❖ **Регистрации киои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Шала М. Арбер од К.Ф. „Дукаѓини„ од Клине, Република Косово за ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште по член 35/11 поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Дополнување на документација од**

**Седница од 18.08.2020 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Чумиќ Н. Лука од ФК „Металац„ од Горни Милановац, Република Србија, по членј 35/11.

❖ **Склучување на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Чумиќ Н. Лука склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години, до Летен преоден рок 2023 година.

**Седница од 21.08.2020 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СКОПЈЕ АД„ Скопје: Блажевски Мартин од ФК „Борец 1919 АД„ Велес, по чл. 35/3.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ од Скопје, фудбалерите: Чеков И. Давид од ФК „Форца Вардар„ од Скопје, Стојановски Ј. Андреј од ФК „Работнички АД„ од Скопје, Стојановски М. Христијан од ФК „Кадино„ од с. Кадино, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 20.08.2020 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Кавадарци, фудбалерите: Балдовалиев Томе Зоран и Манев Марјанчо Слободан од ГФК „Тиквеш 1930„ од Кавадарци поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

**Дополнување на седница од 18.08.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КАМЕНИЦА САСА„ Македонска Каменица: Стојановски Христијан од ФК „Кадино„ од с. Кадино, по член 35/3.

ГФК „ОСОГОВО„ Кочани: Јахи Буши од ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 29.08.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008 АД„ Штип: Китановски Н. Кристијан од ФК „Вардар АД„ од Скопје, по член 35/7.

- **Склучување на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Брегалница 2008 АД„ од Штип и фудбалерот Маневски Стојан Михаил склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години до Летен преоден рок 2023 година.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите: Димовски М. Лазе од ФК „Росоман 83„ од Росоман и Каракепелиев М. Гоце од ФК „Академија Пандев АД„ од Струмица за ФК „Брегалнциа 2008 АД„ Штип по член 35/3 бидејќи нема печат и потпис од овластено лице од Општинскиот фудбалски сојуз Штип на пријавите за регистрација.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ОХРИД

**Седница од 20.08.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ОХРИД ЛИХНХЈИДОС„ Охрид: Цветаноски Б. Дарко од ФК „Пелистер АД„ од Битола, по член 35/3.

- **Регистрации кои не се објавуаат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Наумовски А. Виктор од Фудбалскиот клуб „Академија Пандев АД„ од Струмица за Градскиот фудбалски клуб „Охрид Лихнидос„ од Охрид по член 35/3, бидејќи нема доставено оргинал исписница.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИЧЕВО

**Седница од 20.08.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВЕЛАЗЕРИМИ 77„ Кичево: Зубер Ерол Аган од ФК „Дрита АД„ од с. Боговиње, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 21.08.2020 година**

- **Повлекување на документација во процедура за регистрација на фудбалер:**

Општинскиот фудбалски сојуз Скопје, по брање на Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927 АД„ од Скопје ја повлекува документацијата и ја прекинува отпочнтата процедура за регистрација на фудбалерот Джамал Усумиевич Дибиргджиев со број на пасош 712868794, поради административни проблеми со документацијата на фудбалерот.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Салим Фарсак од Фудбалскиот клуб „Басакшехир„ од Турција за Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927 АД„ од Скопје, по член 35/12, поради некомплетна документација.

Не се објавува договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал склучен помеѓу Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927 АД„ од Скопје и фудбалерот Салим Фарсак, во времетраење од 2 (две) години, до Летен преоден рок 2022 година.

Одбор за итност

0202 - 1808/7
13.08 год

Врз основа на член 110 став 3 од Статутот на ФФМ, Одборот за итност на ФФМ во состав: Муамед Сејдини - претседавач, Лазар Ракициев -член и Џонов Димитар-член, постапувајќи по Барањето на на ФК Академија Пандев бр. 03-396-2 од 11.08.2020 на седницата одржана на 13.08.2020 година се произнесе со следното:

# ТОЛКУВАЊЕ

на член 21 став 2 и 3 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ

Во член 21 став 2 и 3 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ е предвидено:

*(2)Ако станува збор за играч кој истовремено настапува и за екипа од повозрасна категорија, казната му се пресметува според категоријата на екипата во која настапувал кога го сторил прекршокот со тоа што за времетраењето на казната нема право на настап за ниедна категорија во клубот.*

*(3)Доколку играчот од младинска категорија добие казна забрана на настап на одреден број натпревари, а истата немало услови да ја издржи во тековната натпреварувачка година, казната ја издржува во сениорската екипа под услов натпреварувањето во младинска категорија да е завршено.*

Член 21 став 2 и 3 уредуваат начин на издржување на казна забрана на настап , на фудбалер од млади категории во сезоната и по завршување на тековната сезона во млади категории. Со одредбата не е уреден начинот на издржување на казна забрана на настап на фудбалер од млади категории за сениорската екипа во наредната сезона.

Одборот за итност утврди дека обврската за водење на евиденција на опоменати и исклучени играчи е исклучива обврска на клубот.

Имајќи во предвид дека наведената ситуација во барањето не е опфатена со член 21 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Одборот за итност врз основа на податоците добиени од службата и Комет системот на ФФМ го констатира следното:

На фудбалерот Мартин Талаков со ИД број 118240 заради добиен црвен картон на натпреварот Работнички АД – Академија Пандев АД категорија младинци, одигран во Скопје на ден 10.03.2020 година во рамките на Прва супер лига во млади категории , изречена му е дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.

Поради прекин на натпреварувањето во сите категории во сезона 2019/20, фудбалерот не ја издржал казната во млади категориии а ниту можел да ја издржи во сениорската екипа како што е предвидено дека може да ја издржи согласно член 21 став 3 од ДП на ФФМ.

Одборот за итност утврди дека фудбалерот Мартин Талаков со ИД број 118240, на 15.06.2020 година кога започнува новата натпреварувачка сезона имал полни 17 години со што ги исполнил условите да настапи за сениорската екипа на клубот во натпреварувачката 2020/21 година и без специјален лекарски преглед.

Од причини што во моментот на поднесување на барањето и во периодот на одигрување на првото и второто коло во Прва МФЛ, во тек е само натпреварувањето во Прва МФЛ каде се натпреварува сениорската екипа на клубот а не е започнато натпреварувањето во млади категории каде е добиен црвениот картон, фудбалерот Мартин Талаков со ИД број 118240, дисциплинската мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар ќе се смета дека ја одлежал во првото коло за сениорската екипа, доколку истиот настапи во второто коло за сениорската екипа на клубот.

Претседател,
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1808/7

Одбор за итност

Врз основа на член 110 од Статутот на ФФМ, Одборот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија во состав Муамед Сејдини – Претседател, Лазар Ракиџиев – член и Борче Лазаревски – член, на седницата одржана на 18.08.2020 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

0202-1855/7
18.08. 20

**1. Се врши измена на член 20 од Пропозициите за натпреварување во Првата фудбалска лига за натпреварувачката 2020/2021 година на начин што се менува и дополнува став 10 и се врши дополнување на член 20 со нов став 11:**

1.1 Во став 10 : се брише точката , ставот се дополнува со зборовите : до настап за селекција на ФФМ кога повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година.
став 10 гласи:

„Домашниот фудбалер од став 5 кој согласно правилата на ФИФА има право на настап и за странска репрезентација (на официјален и/или неофицијален натпревар) , доколку пред или за времетраењето на првенството биде повикан и одбере да настапува за странската репрезентација, го губи статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година *до настап за селекција на ФФМ кога повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година.*

1.2 Член 20 се дополнува со нов став 11 кој гласи:

*„Доколку фудбалер бил повикан и одбрал да настапува на официјален натпревар за странска репрезентација во некоја претходна сезона, со настап за селекција на ФФМ повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година. “*

**2. Се врши измена на член 12 од Пропозициите за КУП натпреварување за 2020/21година сениори на начин што се менува и дополнува став 7 и се врши дополнување на член 12 со нов став 8:**

2.1 во став 7 : се брише точката, ставот се дополнува со зборовите : до настап за селекција на ФФМ кога повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година.
став 7 гласи:

„Домашниот фудбалер од став 3 кој согласно правилата на ФИФА има право на настап и за странска репрезентација (на официјален и/или неофицијален натпревар) , доколку пред или за времетраењето на првенството биде повикан и одбере да настапува за странската репрезентација, го губи статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година *до настап за селекција на ФФМ кога повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година. “*

2.2 Член 12 се дополнува со нов став 8 кој гласи:

*„Доколку фудбалер бил повикан и одбрал да настапува на официјален натпревар за странска репрезентација во некоја претходна сезона, со настап за селекција на ФФМ повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година“.*

Деловоден број 0202- 1855/7

**3**. Оваа одлука стапува на сила веднаш, а ќе се потврди на наредната седница на Управниот одбор.

**4.** Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Одборот за итност на седницата одржана на 18.08.2020 година а по усвојување на Пропозициите за Втора МФЛ ја утврди потребата од доуредување на член 20 од Пропозициите на Прва МФЛ и член 12 од Пропозициите за КУП натпреварување за сезоната 2020/21. Доуредувањето е со цел наведените одредби да опфатат и ситуации кога фудбалерот одбрал да настапи и настапил на официјален натпревар за странска репрезентација во претходни сезони како и ситуација кога во тековната сезона фудбалерот е повторно повикан и настапил за домашна репрезентација.

Согласно погоренаведеното Одборот за итност донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202- 1855/7

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-1849/1

Прва МФЛ: 2020 - 2021

Скопје: 17.08.2020 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 17.08.2020 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД - Струмица се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ** 200002504222317
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 2 коло на Прва МФЛ 20/21 помеѓу, ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД - ФК ВАРДАР АД, ја констатира следната фактичка состојба: Сашко Пандев со ИД 100364 фудбалер на ФК Академија Пандев АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен црвен картон во 90+7 минута , по завршување на натпревар поради приговор во рамки на 2 коло на Прва МФЛ на натпреварот ФК Академија Пандев АД-ФК Вардар АД одигран на 16.08.2020 година во

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во

Доставено до:

- ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД -
- Сметководството наФФМ
- Архивата наФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Игор Франгоски

с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-1850/1

Прва МФЛ: 2020 - 2021

Скопје: 17.08.2020 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 17.08.2020 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД - Струмица се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 2 коло на Прва МФЛ 20/21 помеѓу, ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД - ФК ВАРДАР АД, ја констатира следната фактичка состојба: Марко Алчевски со ИД 117632 фудбалер на ФК Академија Пандев АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт картон ( прв во 12 минута –неспортски однос и втор во 61 минута поради намерна игра со рака вон шеснаесетни) во рамки на 2 коло на Прва МФЛ на натпреварот ФК Академија Пандев АД- ФК Вардар АД одигран на 16.08.2020 година во Струмица .

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД -
- Сметководството наФФМ
- Архивата наФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Игор Франгоски

с.р

## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 15-1851/1

Прва МФЛ: 2020 - 2021

Скопје: 17.08.2020 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 17.08.2020 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ВАРДАР АД - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 2 коло на Прва МФЛ 20/21 помеѓу, ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД - ФК ВАРДАР АД, ја констатира следната фактичка состојба: Јован Попзлатанов со ИД 102595 фудбалер на ФК Вардар АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт картон (прв во 80 минута поради недозволен старт и втор во 90 минута поради недозволен старт) во рамки на 2 коло на Прва МФЛ на натпреварот ФК Академија Пандев АД-ФК Вардар АД одигран на 16.08.2020 година во Струмица .

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во

Доставено до:

- ФК ВАРДАР АД - Скопје
- Сметководството наФФМ
- Архивата наФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Игор Франгоски

с.р

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**